Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНА АНАЛИЗА НА КАДРОВСКАТА СТРУКТУРА, ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И 10-ТЕ ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ, СО ПРЕПОРАКИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ВО СПЕЦИФИЧНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Скопје, 2025

Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНА АНАЛИЗА НА КАДРОВСКАТА СТРУКТУРА, ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И 10-ТЕ ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ, СО ПРЕПОРАКИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ВО СПЕЦИФИЧНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Скопје, 2025

**Издавач:** ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Стручна обработка: Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автори:** М-р Бисера Рахиќ

Проф. д-р Елена Ќосевска

Спец. мед. сестра Јасмина Шаќири

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:** Сузана Дунгевска

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** 7

**1. ВОВЕД** 9

1.1. Историјат на системот за превентивна здравствена заштита во Република Северна Македонија 9

1.2. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија 10

1.3. Региони во Република Северна Македонија 16

1.4. Центри за јавно здравје во Република Северна Македонија 17

1.5. Просторни капацитети 19

**2. ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИОТ ПРОСТОР, ОПРЕМА И СТРУЧЕН КАДАР ЗА ОСНОВАЊЕ, ПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО ИЈЗ И ЦЈЗ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ, БР. 91 ОД 28.6.2013 ГОДИНА)** 20

**3. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА (СОСТОЈБА ВО ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА)** 23

3.1. Кадровска обезбеденост во Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје 23

**4. ЗАКЛУЧОЦИ** 29

Просторни капацитети 31

Обезбеденост со опрема 31

**5. ПРЕПОРАКИ** 32

**ПРИЛОЗИ** 37

## ПРЕДГОВОР

Информацијата за спроведена анализа на кадровската структура, простор и опрема во специфичната превентивна здравствена заштита во Институтот за јавно здравје и 10-те центри за јавно здравје во Република Северна Македонија е изготвена согласно Националната годишна програма за јавно здравје на РСМ за 2025 година (Сл. весник бр. 30 од 12 февруари 2025), и според Планот и Програмата за работа на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје, од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести.

Цел на Информацијата е да се презентира состојбата со кадровската структура, простор и опрема во превентивната дејност и јавното здравје кои се спроведуваат во Институтот за јавно здравје и 10-те центри за јавно здравје во државата, со препораки за воведување на нови стандарди и нормативи во специфичната здравствена заштита

Публикацијата го презентира стручниот кадар според здравствените дејности, и тоа: социјално-медицинската дејност, дејноста на хигиена и здравствена екологија или санитарно-хигиенската дејност, епидемиолошката дејност и микробиолошката дејност.

Институт за јавно здравје ја подготви информацијата врз основа на анкетно истражување со претходно изработени табеларни прегледи кои беа доставени до раководителите на одделните организациони единици во ИЈЗ и центрите за јавно здравје. Прибраните податоци, беа контролирани, ревидирани и презентирани во конечни збирни табели, а дел од нив и графички прикажани. Периодот на спроведување на анкетата беше февруари 2025 година.

При изработката на Информацијата применет е дескриптивно аналитички метод на работа. Оваа публикација е втора од овој вид на презентација на податоците за кадар, простор и опрема од областа на специфичната превентивна дејност.

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Историјат на системот за превентивна здравствена заштита во Република Северна Македонија

Институционализацијата на превентивната дејност на просторот на сегашната Република Северна Македонија почнала во дваесеттите години на минатиот век. Хигиенскиот завод, чија функција била заштита и унапредување на здравјето на луѓето е формиран под покровителство на д-р Андреја Штампар и со учество на Рокфелеровата фондација во Скопје, 1924 година. Оваа медицинска установа од превентивен карактер дејствувала во услови кога главно обележје на националната патологија во тој период биле заразните болести. Ерадицирани се маларијата, пегавиот тифус и детската парализа, а бројот на заразни болести бил во постојано опаѓање (www.iph.mk). Со тек на времето е оформена мрежа на маларични и бактериолошки станици. Хигиенскиот завод и мрежата на Домови за народно здравје со маларични и бактериолошки станици, биле основа за развој на превентивната дејност. Таа се реализирала преку хигиено-епидемиолошките служби кои во прво време работеле во рамките на Домовите за народно здравје, потоа во склоп на Здравствените домови, а подоцна со формирањето на Медицинските центри (1966 год.) во нивен состав.

Пресвртница во развојот на превентивната дејност во Македонија е донесувањето на Закон за здравствена заштита во Собранието на Република Македонија во 1993 год. за формирање на десет регионални Заводи за здравствена заштита во Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Охрид, Куманово, Кочани, Штип, Тетово и Струмица. Овие институции се надлежни за поголемо подрачје т.е. повеќе општини и заедно со Републичкиот завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) претставуваат мрежа на здравствени установи со која се опфаќа целокупната територија на Република Македонија.

До 2009 година институцијата на национално ниво го носеше името Републички завод за здравствена заштита.

Со статутарна промена во 2009 година, Републичкиот завод за здравствена заштита на Република Македонија го смени називот во Институт за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗ). Подоцна, во 2020 година, со промената на името на државата, го промени името во Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Научното и стручното усовршување на вработените овозможи тие да бидат вклучени во национални и во интернационални научноистражувачки проекти и, следствено на тоа, да се вклучат во наставно-образовната дејност на универзитетите во државата. Сето тоа создаде услови за трансформација на Републичкиот завод за здравствена

заштита во Институт за јавно здравје. Тоа придонесува да бидеме во согласност со современите регионални и меѓународни трендови и трансформации на националните јавноздравствени установи.

Истата година, со Законот за јавно здравје се менува називот на дотогашните Заводи за здравствена заштита во Центри за јавно здравје (ЦЈЗ).

## 1.2. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

### *Дејност*

Основната дејност на Институтот е грижа за здравјето на населението преку следење, истражување и проучување на здравствената состојба, причините за појава и ширење на заразните и незаразните болести, влијанието на фактори од животната средина и преземање мерки за заштита и унапредување на здравјето на луѓето. Дејноста е дефинирана во Законот за здравствена заштита, Законот за јавно здравје, Законот за заштита од заразни болести и други законски и во подзаконски акти кои произлегуваат од законите, односно спроведување на 4 клучни здравствени дејности:

1. социјално-медицинска дејност
2. епидемиолошка дејност
3. санитарно-хигиенска дејност
4. микробиолошка дејност

Институтот во својата дејност ги врши и следните работи:

- Дава стручна помош на Министерството за здравство во изготвувањето на среднорочни и долгорочни планови и програми за јавно здравје, во областа на заштитата и унапредување на здравјето, скринингот на населението, следењето и контролата на заразните и незаразните болести;
- Ја координира, контролира и стручно методолошки помага во извршувањето на превентивните програмски задачи на Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици;
- Спроведува и координира мерки на јавно здравје во случај на епидемии, елементарни непогоди, и други кризни, вонредни состојби и катастрофи на територијата на Република Северна Македонија, во соработка со други институции;
- Спроведува научно-истражувачки студии од областа на јавно здравство, за евалуација на исходот и влијанието на превентивните програми, со цел носење на политики базирани на докази;

- Учествува во извршување на научноистражувачки проекти од областа на хигиена и здравствена екологија, епидемиологија, микробиологија, социјална медицина, односно од превентивната дејност;
- Остварува меѓународна соработка со сродни институции во полето на јавното здравје и обезбедува податоци за здравјето до меѓународни организации согласно со закон;
- Собира, обработува и анализира податоци за заболувањата и смртноста на населението и други податоци за здравствената состојба на населението, за хигиенско-епидемиолошката состојби, за заразните и незаразни болести, како и за други еколошки услови кои имаат влијание врз здравствената состојба на населението;
- Предлага и учествува во спроведување на единствени програми за здравствена едукација во соработка со други здравствени установи, спроведува активности за промоција на здравјето и превенција на болестите
- Спроведува национални и интернационални бихевиорални студии за животниот стил на граѓаните и однесувањето кон здравјето;
- Ја следи, проучува, анализира и евалуира епидемиолошката состојба со заразни заболувања и се справува со актуелни проблеми поврзани со заразните заболувања и кризни состојби;
- Го следи спроведувањето на имунизацијата, собира, обработува и анализира податоци за опфат со вакцинација на населението и предлага мерки за подобрување на состојбите и опфатот со имунизација;
- Изготвува стратешки документи, предлага и имплементира доктринарни ставови, предлага/учествува во изработка на законска и подзаконска регулатива во врска со заразните болести и имунизација;
- Врши проценка на здравствено-еколошки ризици од загадување на воздухот, храната, предметите за општа употреба, водата за пиење, водите за капење, отпадните води и цврст отпад, со особен аспект на медицинскиот отпад и учествува во превентивниот санитарен надзор над изградбата на градежните и други објекти, користи современи софтверски алатки за проценка на ризик поврзани со здравствена екологија;
- Следи, односно спроведува мерки за активна заштита на населението, како и заболувањата и состојбите кои се последица од несоодветната исхрана и предлага мерки за нивно отстранување;
- Учествува во изготвување на законски и подзаконски акти, изготвува елаборати и стручни мислења од областа на здравствена екологија, безбедност на храна, исхрана и медицина на труд;
- Врши микробиолошка (бактериолошка, вирусолошка, паразитолошка) анализа, анализа на резидуи од пестициди, радиолошка, контаминенти, микотоксини, токсиколошки и биохемиски и други лабораториски анализи во рамките на својата дејност, ги следи јонизирачките зрачења во животната средина и врши биодозиметрија;

- Го проектира развојот и ја организира работата на информативниот систем во областа на здравството;
- Врши испитување и контрола на готови лекови, активни фармацевтски супстанции и хербални препарати; лабораториска контрола и суперанализа на наркотични дроги и психотропни супстанции; испитување на суровини и производи за козметика и средства за хигиена;
- Учествува во образовната дејност на ниво на додипломска, постдипломска настава и докторски студии, како и специјализации, од областа на социјална медицина, хигиена и здравствена екологија, медицина на трудот и епидемиологија; и спроведува стручно усовршување на здравствените работници и здравствените соработници од превентивната дејност;
- Институтот за јавно здравје е наставна база на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј " од Скопје, а наставници учествуваат во наставата и на други универзитети во државата (Универзитет "Гоце Делчев" од Штип и Државниот универзитет од Тетово), како и во странство;
- Како установа која спроведува терциерна специјализирана превентивна дејност, Институтот за јавно здравје ги координира задачите кои произлегуваат од законската регулатива во соработка со 10-те Центри за јавно здравје, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, институтите и други здравствени институции од јавното и приватното здравство, локалната самоуправа, невладините организации, стопанственици, производители, трговски друштва, и други субјекти кои по различни основи се врзани со дејноста што ја обавува оваа институција;
- Стручната активност на ИЈЗ е основа за креирање на националната политика во областа на јавното здравје, имајќи во предвид дека стручните лица вработени во Институтот се дел од креаторите на многу законски и подзаконски акти, национални стратегии и акциски планови, превентивни програми и сл., но со својата експертиза се дел и од креаторите на меѓународната здравствена политика, како контакт лица и/или национални соработници со Светската здравствена организација (СЗО), Европскиот Центар за превенција и контрола на болестите (ECDC), УНИЦЕФ, УНФПА, УНДП, Светска банка, Советот на Европа, МААЕ, итн.;
- Институтот за јавно здравје е организација која е дел од многубројни меѓународни организации: IANPHI, BENA, SHE, EMCDDA, FAO, итн. Соработката со Институтот за јавно здравје е во интерес на населението на Северна Македонија, затоа што превентивната здравствена заштита е постулат за здрав и долг живот.

## Организација

ИЈЗ како дел од јавното здравство, е задолжен за чување и унапредување на здравјето и превенција на заболувањата и сродните здравствени проблеми и секојдневно е исправен пред предизвиците на имплементирањето на светските референтни стандарди и континуирано следење и обука за современите аналитичко-дијагностички процедури и новите трендови во медицинските, социјалните и хуманитарните науки. Во нашата институција тоа е резултат на максималните заложби и труд, ентузијазам, креативност и професионалност на сите актери и сите професионалци од јавно здравствената дејност. За постигнување на своите цели, со Статутот, ИЈЗ е организиран во 7 оддели и 1 сектор со две или повеќе одделенија:

- Оддел за здравствена статистика и публицистика;
- Оддел за промоција и следење на болести;
- Оддел за испитување и контрола на лекови;
- Оддел за хемиски и радиолошки испитувања;
- Оддел за микробиологија;
- Оддел за здравствена екологија;
- Оддел за епидемиологија на заразни заболувања и
- Сектор за административни работи и логистика (слика 1).

Како посебни ентитети се формирани и помошни тела на Директорот кои не претставуваат организациони единици:

- Научен одбор за истражување, образование, управување со проекти, етика, квалитет, евроинтеграција, меѓународна соработка и кризен менаџмент и
- Менаџер за квалитет.

**Слика 1:** Органограм на Институт за јавно здравје на РС Македонија



Институтот за јавно здравје заклучно со февруари 2025 година брои 190 редовно вработени од разни профили: доктори по медицина, фармацевти, доктори по дентална медицина, инженери по прехранбена технологија, хемиски инженери, машински инженери, физичари, нуклеарни физичари, биолози, био-хемичари, технолози, медицински сестри, лаборанти, фармацевтски техничари, итн.

Во Институтот дел од вработените се професори, доценти, асистенти, доктори на науки по јавно здравство, доктори на науки од медицински и немедицински научни области, магистри по јавно здравство и други научни области, потоа дипломирани вработени со завршени тригодишни стручни студии, но и со специјализација, како и економисти, правници и др.

Во функција на постигнување на јавноздравствените цели, за што е потребен мултидисциплинарен пристап, вработените во Институтот учествуваат во работни групи и комисии формирани од Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за статистика, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за лекови и медицински средства, Црвен крст на РС Македонија и други владини и невладини институции и организации за креирање легислатива, долгорочни здравствени стратегии, акциони планови и програми.

Вработените во Институтот, во зависност од својата експертиза, имаат континуирана соработка, заради унапредување на јавното здравје, со меѓународните организации на Обединетите нации: Светска здравствена организација (СЗО), УНИЦЕФ, УНФПА, УНДП, Светска банка, Европскиот мониторинг-центар за дроги и употреба на дроги (EMCDDA), Европскиот центар за контрола на болести (ECDC), Центарот за контрола на болести на САД (CDC), Европскиот директорат за контрола на квалитет на лекови (EDQM), Европската агенција за безбедност на храна (EFSA), Интернационалната агенција за атомска енергија (IAEA), Роберт Кох институтот од Германија, ЕВРОСТАТ, EuroHealthNet и др.

Институтот за јавно здравје е член на Интернационалната асоцијација на национални институти за јавно здравје (IANPHI), следствено на тоа учествува на годишни состаноци и работни тела. Исто така, Институтот е член на Балканската мрежа за едно здравје (BOHN) од нејзиното формирање и со тоа ја зајакнува мултисекторската соработка во земјата и во регионот.

## 1.3. Региони во Република Северна Македонија

Во 2001 година, Владата на Република Северна Македонија ја донесе Номенклатурата на територијалните единици за статистика – НТЕС со цел формирање на регионални нивоа за статистички цели за кои ќе се обезбедуваат статистички податоци на регионално и на локално ниво, а врз основа на географските услови, населението, социоекономските и сообраќајните услови, историските и просторните услови. Номенклатурата на територијалните единици за статистика – НТЕС по последните измени се состои од 5 нивоа: НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2 е целата територија на Република Северна Македонија како административна единица, НТЕС ниво 3 се состои од 8 неадминистративни единици – статистички региони, кои се настанати со групирање на општините како административни единици од понизок ред, НТЕС ниво 4 се состои од 80 општини како административни единици и НТЕС ниво 5 се состои од 1792 населени места (слика 2).




**Слика 2.** Статистички региони и општини во РС Македонија

## 1.4. Центри за јавно здравје во Република Северна Македонија

На ниво на територијата на Република Северна Македонија има осум региони кои се покриени со 10 Центри за јавно здравје, кои вршат дејност за една или повеќе општини. Според Законот за јавно здравје, услов за формирање на центар е бројот на население да не биде помал од 70000 жители. Источниот и Пелагонискиот регион имаат по два центри за јавно здравје: Штип и Кочани во Источниот и Битола и Прилеп, во Пелагонискиот регион. Останатите шест региони располагаат со по еден центар за јавно здравје.

Центрите за јавно здравје, се лоцирани во Скопје, Куманово, Кочани, Штип, Струмица, Прилеп, Битола, Охрид, Тетово и Велес. (слика 3).

**МРЕЖА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЦЕНТРИТЕ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




Извор: Институт за јавно здравје - Скопје

**Слика 3:** Мрежа на Институт за јавно здравје и 10 центри за јавно здравје

### *Дејност*

Центрите за јавно здравје во Република Северна Македонија се одделни, правни субјекти со раководни структури кои имаат овластувања за извршување на своите активности,

креирање на краткорочни и долгорочни бизнис планови и можности за самостојно делување во рамките на организацијата и самостојно претставување кон надвор.

Работата е координирана преку секојдневни хоризонтални и вертикални врски, со другите региони и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и ресорните министерства. Центрите за јавно здравје работат според буџетските владини програми „Националната годишна програма за јавно здравје во РСМ", "Програмата за имунизација на населението", Програма за ХИВ (СИДА)", „Програма за бруцелоза", но и дел од активностите ги спроведуваат во вид на комерцијални услуги и услуги финансирани од ФЗО.

Работниот процес во ЦЈЗ, на регионално и општинско ниво, се одвива преку следните активности:

- утврдување и изготвување на среднорочни и долгорочни работни планови за спроведување на активностите на јавното здравје, вклучително и унапредување на здравјето, скрининг на населението,
- следење и контрола на заразните и незаразните болести на подрачјето што го покрива центарот
- изготвуваат годишни извештаи за евалуација на здравјето на населението и предлагаат мерки за надминување на јавно-здравствените проблеми на подрачјето што го покриваат;
- вршат прибирање, обработка и анализа на податоци утврдени со закон;
- следење, анализа и евалуација на здравствено-еколошките и санитарните услови со процена на ризик, како и предлагање на мерки за надминување на јавно-здравствените проблеми;
- проучување и следење на хигиенските и здравствено-еколошките услови во поглед на заштитата на воздухот, безбедноста на храната и предметите за општа употреба, водата за пиење, површинските води, отпадните води и цврстите отпадни материи и друго;
- следење на исхраната на населението, како и заболувањата и состојбите кои се последица на несоодветната исхрана и предлагање на мерки за нивно отстранување;
- микробиолошки и физичко-хемиски лабораториски услуги, анализа и евалуација на лабораториските податоци и предлагање на мерки за надминување на јавноздравствените проблеми;
- следење, анализа, спроведување и евалуација на мерките за заштита на населението во услови на појава на заразни и други заболувања, епидемии и други вонредни состојби и вршење на активна и пасивна имунизација;
- дефинирање и спроведување на здравствена едукација за целни групи на подрачјето што го покрива;
- спроведување на превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно-здравствен интерес;

- изготвување на оперативни планови за своето подрачје во рамките на националната стратегија за заштита на населението во случај на јавно-здравствени вонредни околности; спроведување на истражувања на јавно-здравствени појави и проблеми и спроведување на јавно-здравствени активности на барање на Министерството за здравство;
- спроведување вакцинација, која се однесува на незадолжителната имунизација. ЦЈЗ имаат обврска да вршат контрола на опфат на вакцинацијата и поднесуваат извештај до ЕПИ координаторот. Координаторите се номинираат од страна на министерот, на регионално ниво, во рамките на ЦЈЗ. Според програмата за имунизација, ЦЈЗ имаат обврска да го следат ладниот ланец на вакцините и да обезбедат стручно метадолошка помош.

### *Организација*

Согласно Законот за вработените во јавниот сектор и подзаконскиот акт ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКАТА НА АКТИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, КАКО И СОДРЖИНАТА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР, во периодот од 2015 година до 2023 година спроведени се измени во систематизациите на ЦЈЗ пришто поради малиот број на вработени во одделните дејности, настана спојување на дејностите во дел од ЦЈЗ (пр. во ЦЈЗ Штип и ЦЈЗ Кочани) Работниот процес на центрите се одвива во зависност од статутот преку дејностите за:

1. социјална медицина,
2. епидемиологија,
3. санитарно-хигиенска дејност и
4. микробиолошка дејност.

## 1.5. Просторни капацитети

Генерално објектите на 10 те центри за јавно здравје не се во најдобра состојба и неопходно е нивно реновирање и/или просторно проширување, особено во однос на потребата од посебни простории за функционирање на Советувалиштата за откажување од пушење и Советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје. Во последните години, лабораториите во ИЈЗ и некои ЦЈЗ, се реновирани по најнови стандарди, согласно критериумите за акредитација и стандардите за степен на безбедност, ниво 2 и ниво 3. Реновирани се и дел од канцелариските простории.

**Табела 1.** Квадратура на установите

| УСТАНОВА | КВАДРАТУРА НА УСТАНОВАТА |
|---|---|
| ИЈЗРСМ СКОПЈЕ | 6719 m2 |
| ЦЈЗ СКОПЈЕ | 3230 m2 |
| ЦЈЗ КУМАНОВО | 1178 m2 |
| ЦЈЗ ВЕЛЕС | 1900 m2 |
| ЦЈЗ КОЧАНИ | 919 m2 |
| ЦЈЗ СТРУМИЦА | 700 m2 |
| ЦЈЗ ШТИП | 663,34 m2 |
| ЦЈЗ ТЕТОВО | 1350 m2 |
| ЦЈЗ ПРИЛЕП | 1600 m2 |
| ЦЈЗ БИТОЛА | 1100 m2 |
| ЦЈЗ ОХРИД | 975,41 m2 |

## 2. ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИОТ ПРОСТОР, ОПРЕМА И СТРУЧЕН КАДАР ЗА ОСНОВАЊЕ, ПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО ИЈЗ И ЦЈЗ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ, БР. 91 ОД 28.6.2013 ГОДИНА)

Согласно потребите за просторни услови, опрема и кадри за основање и работење на здравствените установи со цел спроведување на здравствената дејност во рамки на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје одредени се следниве минимални услови:

### *Стручен кадар за социјално-медицинската дејност на 100 000 жители*

(Тим – 1 лекар специјалист по социјална медицина и 2 здравствени работници со стручно високо/вишо/средно образование)

На 100 000 жители - 1 здравствен соработник (информатичар, социолог, социјален работник, психолог, педагог, економист, или други профили, но со завршени последипломски студии по јавно здравство).

### *Простор за социјално-медицинската дејност*

Просторија за еден специјалист по социјална медицина 12 м2 , просторија за стручен кадар со стручно високо/вишо/средно образование 16 м2 , кабинет за здравствено

воспитание и здравствена промоција 16м2 , просторија за чување на медицинска документација 12 м2 , просторија за обработка на статистички материјал 12 м2

### *Опрема за социјално-медицинската дејност*

Витрина за библиотека, орман за медицинска документација, орман за здравствено-воспитни материјали, персонални компјутери и сервер, преносен компјутер и проектор, печатар, основен инвентар; теренско возило.

### *Стручен кадар за санитарно хигиенска дејност на 100 000 жители*

(Тим – 2 лекари специјалист по хигиена и санитарна хемија, 2 здравствени работници со стручно високо/вишо/средно образование од санитарна насока).

### *Простор за санитарно хигиенска дејност*

Лабораторија за вода 16 м2, лабораторија за испитување на храна 16 м2, лабораторија за физикални мерења и индустриска токсикологија 25 м2, просторија за специјалист 12 м2, просторија за миење на садови 10 м2, просторија за чување на стерилни садови и друг стерилен материјал 16 м2 .

### *Опрема за санитарно хигиенска дејност*

Лабораториски маси, ормани за сместување на лабораториски материјал, орман за анализи, извештаи и медицинска документација, ладилник, микроскоп, електрична центрифуга, опрема за испитување на микроклима, кататермометри, ротацион хигрометар, Ламбектов полиметар, опрема за детекција на гасови, опрема за испитување на прашина, Хелиге компаратор за испитување на вода, pḥ метри, дигестор, сушилница, печка за жарење, апарат за одредување на белковини, апарат за одредување на масти, водена бања, рефрактометар, полариметар, колориметар, центрифуга по Герберг, спектрофотометар, ексикатор и друг неопходен лабораториски прибор.

### *Стручен кадар за епидемиолошка дејност на 100 000 жители*

(Тим – 2 лекари специјалисти по епидемиологија, 3 здравствени работници со стручно високо/вишо/средно образование од санитарна насока).

## *Простор за епидемиолошка дејност*

Просторија за обработка на акутни заразни болести 16 м2 , просторија за масовни незаразни болести 16 м2 , просторија за имунизација 16 м2 .

## *Опрема за епидемиолошка дејност*

Два формалински апарати за дезинфекција, запрашувачи, распрскувачи, сув стерилизатор, неопходни дезинфекциони средства, комбиниран „Ескулап" апарат за дезинфекција на простории, рачна пумпа за на грб, ладилник и карти на подрачјето.

## *Стручен кадар за лабораториска дејност на 100 000 жители*

(Тим – 1 лекар специјалист по микробиологија со паразитологија, 3 здравствени работници со стручно високо/вишо/средно образование од лабараториска насока).

## *Простор за лабораториска дејност*

Просторија за микробиолошки анализи 16 м2 , просторија за паразитолошки анализи 16 м2 , просторија за прием на материјал 10 м2 , просторија за подготвување на хранливи подлоги 10 м2 , просторија за миење и стерилизација 16 м2 .

## *Опрема за лабораториска дејност*

Два електрични аутоклава, два аглутиноскопа, апарат за дестилација на вода, електрични центрифуги, мал и голем ладилник, компаратот за одредување ph, два микроскопа, електрична мешалка, печка за серумски подлоги, пумпа за воден млаз по Катлер, електричен стерилизатор од мал и среден тип, два термостата од голем тип, две ваги за центрифуга, прибор за земање и праќање на лабораториски материјал и друг потребен прибор за лабораториите.

# 3. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА (СОСТОЈБА ВО ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА)

## 3.1. Кадровска обезбеденост во Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје

Во ИЈЗ и 10 центри за јавно здравје има вкупно 133 доктори на медицина, од кои 105 специјалисти или вкупно 79%, 26 или 19.5% специјализанти и 2 или 1.5% општи лекари. Споредбено со истиот период 2021 година, имаше 173 лекари од кои 123 специјалисти, 27 специјализанти и 23 општи лекари. Вкупниот бројот на лекарите е намален за 40 или за 23% во 2025 година (дијаграм 1).




*Во ИЈЗ од 16 мај има 7 нови специјализанти од превентивната дејност

Според видови специјалности има 31 епидемиолози кои сочинуваат 30% од вкупниот број на специјалисти; следуваат 27 специјалисти по микробиологија или 26%; 26 специјалисти по хигиена или 25%, 17 специјалисти по социјална медицина или 16% во вкупната распределба на специјалисти во специфичната превентивна дејност и 3 специјалисти по медицина на труд со работа во ИЈЗ или 2% (дијаграм 2). Покрај специјалистите по дејностите од јавно здравје во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, има 1 специјалист по општа медицина или 1%. Во Институт за јавно здравје има 5 професори и 2 асистенти и во Центар за јавно здравје Скопје има 1 професор.

Дијаграм 2. Структура на лекари специјалисти по дејности во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, февруари 2025




Состојбата со лекари специјалисти во 2025 година, од јавно здравствените дејности според возраст е следна: 29 специјалисти се на возраст од 56-65 години, а 5 се над 65 годишна возраст или вкупно двете возрасни групи сочинуваат 33%, 13 специјалисти или 12% се до 35 годишна возраст, а 57 специјалисти или 55% се на возраст од 36-55 години. Според ова можеме да заклучиме дека веќе до крајот на годината ќе имаме 5 специјалисти помалку, со што се доведува во прашање квалитетот на работата во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ. (Дијаграм 3)

Дијаграм 3. Возрасна структура на лекари специјалисти




Вкупниот број на здравствените работници со високо стручно образование изнесува 98 и истиот е зголемен во 2025 г, во однос на 2021г, за 25 здравствени работници.

Само во ЦЈЗ Битола, Охрид, Прилеп и Скопје, бројот на здравствените работници со високо образование е ист, додека во сите други центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје се бележи зголемување на бројот на високо образовани здравствени работници(дијаграм 4).

**Дијаграм 4. Број на здравствени работници со високо стручно образование во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, споредбено 2021 и 2025г.**




Според структура на здравствените работници со високо стручно образование во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, најзастапени се лабораториските аналитичари и тоа 48 или 48.5%, следуваат 39 медицински сестри со 39.4%, санитарни техничари со 3% и други . Од вкупно 98 здравствени работници, 22 од нив се специјализирани и тоа 7 медицински сестри и 15 лабораториски аналитичари (дијаграм 5).

**Дијаграм 5. Структура на здравствени работници со високо образование според дејности во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ -февруари 2025**




Вкупниот број на здравствените работници во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, 2025г. со средно образование изнесува 208 и истиот е зголемен во однос на 2021г, за 23 здравствени работници. Во

ИЈЗ бројот на здравствени работници со средно стручно образование не е променет и изнесува 33 здравствени работници, додека најголема промена има во ЦЈЗ Скопје, каде што бројот на вработените е зголемен за 24 здравствени работници со средно образование(дијаграм 6).




Според структура на здравствените работници со средно образование во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, најзастапени се лабораториските аналитичари и тоа 88 или 42%, следуваат 57 медицински сестри со 28%, санитарни техничари со 14%, хемиски техничари со 5% и други (дијаграм 7).




Во ИЈЗ и 10 центри за јавно здравје има вкупно 24 фармацевти, од кои 5 општи и 19 специјалисти и тоа: 9 специјалисти за испитување и контрола на лекови во ИЈЗ, 7 специјалисти по токсиколошка хемија, 3 специјалисти по санитарна хемија. Во ИЈЗ има 2 професори по фармација, 3 доктори на науки и 2 докторанти. Исто така во ИЈЗ има 2 стоматолози од кои 1 научен соработник, специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија (директор на ИЈЗ) и еден примариус, специјалист по протетика (табела 2).

**Табела 2.** Број на лекари по дентална медицина и фармацевти во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, февруари 2025

| ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ЦЕНТРИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | СТОМАТОЛОЗИ | | | | | | | | | | ФАРМАЦЕВТИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Општи | Специјалисти | | Научни и стручни звања | | | | | Наставни звања | | Општи | Специјалисти | | Научни и стручни звања | | | | | Наставни звања |
| | Вкупно | број | број | вид* | Доктори на науки | Докторанти | Магистри на науки | Магистранти | Примариуси | | Вкупно | број | број | вид* | Доктори на науки | Докторанти | Магистри на науки | Магистранти | Примариуси | |
| ИЈЗ | 2 | | 2 | 1 - Ендодонција и реставративна стоматологија и 1 - Стоматолошка протетика | 1 | | 1 | | 1 | 1 - Научен соработник | 12 | 3 | 9 | 9 - Испитување и контрола на лекови, | 3 | 2 | | | | 2 - Професори |
| ЦЈЗ Битола | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | 1 Фармацевт специјалист по токсиколошка хемија | | | | | | |
| ЦЈЗ Кочани | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | 1 санитарна хемија | | | | | | |
| ЦЈЗ Куманово | | | | | | | | | | | 5 | | 5 | 4Токсиколошка хемија, 1 хемиски инжињер | | | | | | |
| ЦЈЗ Скопје | | | | | | | | | | | 3 | 1 | 2 | 1 токсиколошка хемија и 1 санитарна хемија | | | | | | |
| ЦЈЗ Струмица | | | | | | | | | | | 2 | 1 | 1 | 1 Санитарна хемија | | | 1 | | | |
| Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 2 | | 2 | | 1 | | 1 | | 1 | | 24 | 5 | 19 | | 3 | 2 | 1 | | | |

Во ИЈЗ и 10 центри за јавно здравје има вкупно 108 соработници од кои 35 специјалисти и тоа: 24 специјалисти по санитарна хемија, 7специјалисти микробиолози, 1 специјалист по биохемија. Во ИЈЗ има и 1 специјалист по хемиски науки, 1 специјалист по медицинска генетика и 1 специјалист по нуклеарна физика. Меѓу соработниците во ИЈЗ има 3 доктори на науки, 15 магистри и 1 магистрант и 1 магистар по форензика во ЦЈЗ Прилеп. Најмногу соработници 50 или 46%, работат на хемиските и радиолошките испитувања, следуваат 23 вработени или 21% на микробиологија и 16 вработени или 15% на социјална медицина. Бројот на здравствените соработници во 2025г. е зголемен за 12, во однос на 2021 година (дијаграм 8).

# 4. ЗАКЛУЧОЦИ

## *Кадровска обезбеденост*

Согласно добиените податоци од анкетното истражување спроведено во февруари оваа година, во ИЈЗ и 10-те ЦЈЗ, вкупниот број лекарите и здравствениот персонал со високо/вишо/средно стручно образование, изнесува 465 вработени, што е недоволно во однос на потребите за чување и унапредување на здравјето на луѓето и нивната животна и работна околина. (Дијаграм 1/4/6 и Табела 1)

Профилот и структурата на вработените во центрите за јавно здравје е различен и зависи пред се од големината на регионот кој го покрива одреден центар.

Вкупниот број на лекарите во 2025 година, изнесува 133 и истиот е намален во однос на 2021 година, кога бројот на лекарите изнесуваше 173. Бројот на лекарите е намален за 40 или за 23%, а исто така и бројот на лекарите специјалисти бележи намалување од 123 во 2021 година, на 105 лекари специјалисти во 2025 година.

Заклучно со февруари 2025 година, има центри кои немаат ниту еден специјалист во одредена гранка. Една од причините за моменталната состојба е неводењето грижа за кадар од превентивната дејност во минатото, но и незаинтересираност на младите лекари за овие специјализации. Последните години, во ИЈЗ и дел од центрите за јавно здравје (Битола, Штип) се вработени неколку млади лекари, но не во доволен број и според потребите на ЦЈЗ. Дел од младите лекари се веќе на специјализација, по одделни гранки.

**Во дејноста социјална медицина работат:**

- во ИЈЗ има само 4 специјалисти
- во најголемиот ЦЈЗ Скопје (градот и околните општини) има само 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Куманово (Куманово, Крива Паланка, Кратово) само 2 доктори на возраст над 55 години
- во ЦЈЗ Велес (Велес, Кавадарци, Гевгелија, Свети Николе, Демир Капија, Неготино и Богданци) има само 1 специјалист-директор на ЦЈЗ
- во ЦЈЗ Штип (Штип, Радовиш, Пробиштип) дејноста ја спроведува 1 доктор на специјализација
- во ЦЈЗ Охрид ( Охрид, Струга, Дебар ) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Прилеп ( Прилеп, Македонски Брод, Крушево) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Струмица (Струмица и Валандово) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Кочани (Кочани, Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Тетово (Тетово, Гостивар, околните општини) има 2 специјалисти

**Во дејноста епидемиологија работат:**

- во ИЈЗ има 5 специјалисти
- во најголемиот ЦЈЗ Скопје (градот и околните општини) има само 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Куманово (Куманово, Крива Паланка, Кратово) само 3 доктори
- во ЦЈЗ Велес (Велес, Кавадарци, Гевгелија, Свети Николе, Демир Капија, Неготино и Богданци) има само 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Штип (Штип, Радовиш, Пробиштип) дејноста ја спроведуваат 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Охрид ( Охрид, Струга, Дебар ) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Прилеп ( Прилеп, Македонски Брод, Крушево) 3 специјалисти
- во ЦЈЗ Струмица(Струмица и Валандово) 1 специјалист
- во ЦЈЗ Кочани (Кочани,Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица) 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Тетово (Тетово, Гостивар, околните општини) има 4 специјалисти

**Во дејноста хигиена работат:**

- во ИЈЗ има 5 специјалисти
- во ЦЈЗ Скопје (градот и околните општини) има само 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Куманово (Куманово, Крива Паланка, Кратово) само 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Велес (Велес, Кавадарци, Гевгелија, Свети Николе, Демир Капија, Неготино и Богданци) има 3 специјалисти
- во ЦЈЗ Штип (Штип, Радовиш, Пробиштип) нема специјалисти по хигиена
- во ЦЈЗ Охрид ( Охрид, Струга, Дебар ) има само 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Прилеп ( Прилеп, Македонски Брод, Крушево) има само 1 специјалист
- во ЦЈЗ Струмица(Струмица и Валандово) има 1 специјалист
- во ЦЈЗ Кочани (Кочани,Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица) има 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Тетово (Тетово, Гостивар, околните општини) има 3 специјалисти

**Во дејноста микробиологија работат:**

- во ИЈЗ има 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Скопје (градот и околните општини) има само 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Куманово (Куманово, Крива Паланка, Кратово) нема специјалисти
- во ЦЈЗ Велес (Велес, Кавадарци, Гевгелија, Свети Николе, Демир Капија, Неготино и Богданци) има 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Штип (Штип, Радовиш, Пробиштип) има 1 специјалист
- во ЦЈЗ Охрид ( Охрид, Струга, Дебар ) има 3 специјалисти
- во ЦЈЗ Прилеп ( Прилеп, Македонски Брод, Крушево) има 4 специјалисти
- во ЦЈЗ Струмица(Струмица и Валандово) има 1 специјалист

- во ЦЈЗ Кочани (Кочани,Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица) има 2 специјалисти
- во ЦЈЗ Тетово (Тетово, Гостивар, околните општини) има само 2 специјалисти

Во дејноста медицина на труд работат 3 специјалисти во ИЈЗ, во останатите центри нема специјалисти по трудова медицина.

Она што е евидентно и што се гледа од резултатите, е дека во превентивниот сектор работи повозрасен персонал и ова претставува голем проблем во моментов, а може негативно да се одрази врз работата на превентивната дејност во иднина. Голем дел од специјалистите спаѓаат во возрасната група од 56 до 65 години и очекувано е да одат во пензија, за неколку години. Над 65 години има 5 лекари специјалисти кои веќе до крајот на годината ќе заминат во пензија, а нема соодветна замена за нив.

Здравствениот персонал со високо стручно образование е зголемен од 73 работници во 2021 година, на 98 работници во 2025 година. Во ЦЈЗ Битола, Охрид, Прилеп и Скопје бројот на здравствените работници со високо образование не е променет. Во Институтот за јавно здравје и другите центри за јавно здравје се бележи зголемување на бројот на високо образовани здравствени работници, но сепак и ова зголемување не е доволно и има недостаток на здравствените работници со високо стручно образование.

Здравствениот персонал со средно стручно образование е зголемен од 185 работници во 2021 година, на 208 работници 2025 година. Оваа бројка е значително зголемена поради ЦЈЗ Скопје, каде има 24 здравствени работници повеќе во однос на 2021 и ЦЈЗ Прилеп со 9 нови здравствени работници со средно стручно образование, но сепак и ова зголемување не е доволно и има недостаток на здравствените работници со средно стручно образование.

## Просторни капацитети

Што се однесува до просторните капацитети, можеме да констатираме дека и тие не ги исполнуваат стандардите до крај. Имаме недостаток на простории во рамките на ЦЈЗ, имено ниту еден центар за јавно здравје нема простории за советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје и советувалишта за откажување од пушење.

## Обезбеденост со опрема

Опремата во превентивната дејност во ИЈЗ и 10 ЦЈЗ, мора да претрпи модернизација, неопходни се нови апарати во лабораториската дејност, нови компјутери и принтери, како и осовременување на преземањето, обработката и анализата на податоците, преку еден заеднички информационен здравствен систем.

# 5. ПРЕПОРАКИ

**1. Зголемување на бројот на вработувања на здравствени работници – лекари и здравствени работници со ССС и ВСС**

Според сегашниот норматив на 100 000 жители, нема доволен број на лекари, лекари специјалисти и стручен медицински кадар со високо/вишо/средно образование, а таа бројка се намалува со години наназад. Голем број на лекарите сецијалисти по јавно здравствените специјализации одат во пензија, без да бидат соодветно пополнети нивните места.

За подобро функционирање на јавно здравствената дејност во специфичната превентивна здравствена заштита и следење, подобрување и унапредување на здравствената состојба на локалното население, до Владата на РСМ, Министерството за здравство и ФЗО се предлага во иднина, норматив за превентивната дејност да се пресметува на 50 000 жители. Со ова би се зголемил бројот на здравствениот кадар, а со самото тоа би се подобриле условите и услугите наменети за жителите на регионите во кои се наоѓаат центрите за јавно здравје.

Според новиот Предлог – Норматив во специфичната превентивна дејност би требало да бидат вработени најмалку 204 лекари специјалисти од јавно здравствените специјализации, во однос на сегашните 105 или за безмалку 100% повеќе и 374 здравствени работници со средно/вишо/високо образование, во однос на сегашните 306 или за 18% повеќе. Според овој норматив, вкупниот број на вработени лекари и здравствени работници со високо/вишо/средно образование во ИЈЗ и 10 центри за јавно здравје би бил 574 вработени, во однос на сегашните 439 здравствени работници или за најмалку 25% повеќе вработени здравствени работници.

**Табела 2**. Предлог-Норматив за здравствен кадар по јавно здравје во 10 ЦЈЗ според број на жители по региони во Република Северна Македонија, на 50 000 жители

| Норматив за потребен кадар на специјалисти и здр.работници со ССС и ВСС | Вардарски регион | | Источен регион | | Југозападен регион | | Југоисточен регион | | Пелагониски регион | | Полошки регион | | Североисточен регион | | Скопски регион | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **170727** | | **177083** | | **127618** | | **89533** | | **260211** | | **251552** | | **153982** | | **607007** | |
| | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. | лекари | здр. раб. |
| Социјална медицина | 3 | 6 | 3 | 6 | 2 | 4 | 1 | 2 | 5 | 10 | 5 | 10 | 3 | 6 | 12 | 24 |
| Микробиологија | 3 | 9 | 3 | 9 | 2 | 6 | 1 | 3 | 5 | 15 | 5 | 15 | 3 | 9 | 12 | 36 |
| Здравствена екологија | 6 | 9 | 6 | 9 | 4 | 6 | 2 | 3 | 10 | 15 | 10 | 15 | 6 | 9 | 24 | 36 |
| Епидемиологија | 6 | 9 | 6 | 9 | 4 | 6 | 2 | 3 | 10 | 15 | 10 | 15 | 6 | 9 | 24 | 36 |
| **Вкупно** | **18** | **33** | **18** | **33** | **12** | **22** | **6** | **11** | **30** | **55** | **30** | **55** | **18** | **33** | **72** | **132** |

Според овој норматив во Вардарскиот регион или ЦЈЗ Велес треба да има 18 лекари специјалисти, а во моментов има 8 специјалисти и 2 лекари на специјализација и 33 здравствени работници со средно/вишо/високо стручно образование. Во Кавадарци, Демир Капија и Гевгелија нема специјалисти по социјална медицина или има само по еден специјалист од сите превентивни дејности, а тоа секако не е доволно и не ги задоволува потребите на граѓаните во овој регион.

Во Источен регион, спаѓаат ЦЈЗ Кочани и ЦЈЗ Штип, треба да имаат најмалку 18 лекари специјалисти и 33 здравствени работници со средно/вишо/високо стручно образование или по 9 лекари сецијалисти во ЦЈЗ Кочани и 9 специјалисти во ЦЈЗ Штип, а во моментов во ЦЈЗ Кочани има 7 специјалисти, додека во Штип има 5 специјалисти и 4 лекари на специјализација.

Во Југозападниот регион или ЦЈЗ Охрид, треба да има најмалку 12 лекари специјалисти од превентивните специјализации и 22 здравствени работници со средно/вишо/високо стручно образование. Заклучно со февруари 2025 година ЦЈЗ Охрид има 8 специјалисти и 1 општи лекар.

Во Југоисточниот регион или ЦЈЗ Струмица, треба да има најмалку 6 лекари специјалисти од превентивните специјализации и 11 здравствени работници со средно/вишо/високо стручно образование.

